**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2016 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1] (ОФИ): трет квартал на 2016 година

- **Состојбата на вкупните средства на ОФИ** заклучно со 30.9.2016 година изнесува 74.830 милиони денари. Гледано од аспект на структурата, средствата на пензиските фондови и осигурителните друштва учествуваат со 88,0% во вкупните средства на ОФИ.

- Во третиот квартал на 2016 година, **вкупните средства на ОФИ** забележаа квартален и годишен раст од 3,5% и 13,7%, соодветно, пред сè како резултат на зголемувањето на средствата на пензиските фондови.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[2]

| | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Кв.3 2016/Кв.2 2016 | | Кв.3 2016/Кв.3 2015 | | |
| | *Состојби, во милиони денари* | | | | | *милиони денари* | *%* | *милиони денари* | *%* | *%* |
| **1. Останати финансиски институции** | **65.816** | **67.865** | **69.766** | **72.313** | **74.830** | **2.517** | **3,5** | **9.014** | **13,7** | **100.0** |
| 1.1 Осигурителни друштва | 18.924 | 18.810 | 19.439 | 19.959 | 19.754 | -205 | -1,0 | 830 | 4,4 | 26.4 |
| 1.2 Пензиски фондови | 38.285 | 40.802 | 41.851 | 43.794 | 46.116 | 2.322 | 5,3 | 7.830 | 20,5 | 61.6 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 2.839 | 2.972 | 3.114 | 3.185 | 3.350 | 165 | 5,2 | 511 | 18,0 | 4.5 |
| 1.4 Други ОФИ | 5.768 | 5.281 | 5.361 | 5.376 | 5.611 | 235 | 4,4 | -157 | -2,7 | 7.5 |

Извор: НБРМ

- **Најзначајни инструменти** на **страната на средствата на ОФИ**, со учество од 68,5%, се должничките хартии од вредност[3] и акциите и останатиот сопственички капитал, додека најзначаен инструмент на **страната на обврските на ОФИ**, со учество од 61,9%, се техничките резерви на осигурување[4]. Сопственичкиот капитал учествува со 31,5% во вкупните обврски на ОФИ.

---

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата – даватели на финансиски лизинг.
[2] За потребите на оваа соопштение, во категоријата „Други ОФИ" се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштва за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата - даватели на финансиски лизинг (точка 1.4 од табелата).
[3] „Должничките хартии од вредност" се однесуваат на „хартиите од вредност различни од акции" согласно со меѓународната класификација на финансиски инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.
[4] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв. 3 2016

| | Вкупно ОФИ | | Пензиски фондови | | Осигурителни друштва | | Инвестициски фондови | | Други ОФИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **состојба (во мил. ден.)** | **учество (во %)** | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | **74.830** | | **46.116** | | **19.754** | | **3.350** | | **5.611** | |
| I. Валути и депозити | **11.670** | **15.6** | 3.749 | 8.1 | 5.561 | 28.2 | 2.019 | 60.3 | 341 | 6.1 |
| II. Хартии од вредност различни од акции | **36.111** | **48.3** | 28.278 | 61.3 | 6.581 | 33.3 | 703 | 21.0 | 548 | 9.8 |
| III. Кредити | **3.855** | **5.2** | - | - | 182 | 0.9 | 30 | 0.9 | 3.643 | 64.9 |
| IV. Акции и останат сопственички капитал | **15.137** | **20.2** | 13.943 | 30.2 | 584 | 3.0 | 593 | 17.7 | 17 | 0.3 |
| V. Технички резерви на осигурување | **1.225** | **1.6** | - | - | 1.225 | 6.2 | 0 | - | 0 | - |
| VI. Останати побарувања | **4.586** | **6.1** | 146 | 0.3 | 4.106 | 20.8 | 4 | 0.1 | 329 | 5.9 |
| VII. Нефинансиски средства | **2.246** | **3.0** | - | - | 1.514 | 7.7 | 0 | - | 731 | 13.0 |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | **74.830** | | **46.116** | | **19.754** | | **3.350** | | **5.611** | |
| I. Кредити | **2.346** | **3.1** | - | - | 54 | 0.3 | 0 | - | 2.291 | 40.8 |
| II. Технички резерви на осигурување | **46.321** | **61.9** | 35.712 | 77.4 | 10.608 | 53.7 | 0 | - | 0 | - |
| III. Останати обврски | **2.566** | **3.4** | 63 | 0.1 | 1.821 | 9.2 | 9 | 0.3 | 674 | 12.0 |
| IV. Сопственички капитал | **23.597** | **31.5** | 10.341 | 22.4 | 7.271 | 36.8 | 3.341 | 99.7 | 2.645 | 47.1 |

Извор: НБРМ

- Анализирано **по инструменти**, на страната на средствата, промените на квартална и годишна основа се објаснуваат со зголемените вложувања во должнички хартии од вредност и во акции и останат сопственички капитал. Додека, пак, на страната на обврските на ОФИ, главен носител на кварталниот и на годишниот раст се техничките резерви на осигурувањето и сопственичкиот капитал.







Извор: НБРМ

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- Во третиот квартал на 2016 година, **вкупните средства на пензиските фондови (задолжителни и доброволни)** бележат квартален и годишен раст од 5,3% и 20,5%, соодветно. Анализирано по инструменти, најголем придонес кон кварталниот и годишниот раст имаат вложувањата во должнички хартии од вредност, како резултат на зголемувањето на вложувањата деноминирани во домашна валута.




Извор: НБРМ

- **Вкупните средства на осигурителните друштва,** во третиот квартал на 2016 година, бележат пад од 1,0% во однос на претходниот квартал. Остварениот пад во најголем дел се должи на намалувањето на валутите и депозитите и техничките резерви на осигурувањето. Сепак, на годишна основа средствата на осигурителните друштва бележат раст од 4,4%, кој главно се должи на зголемените вложувања во должнички хартии од вредност (во најголем дел во домашна валута).




Извор: НБРМ

- **Вкупните средства на инвестициските фондови**[5] во третиот квартал на 2016 година остварија квартален и годишен раст од 5,2% и 18,0%, соодветно, што претставува забрзување на кварталната и годишната динамика на раст. Од аспект на инструментите, најголем придонес имаат пласманите во валути и депозити и акции и останат сопственички капитал.




Извор: НБРМ

- **Вкупните средства на другите ОФИ,** во третиот квартал на 2016 година бележат раст од 4,4%, на квартална основа поттикнат од зголемувањето на кредитите (главно кај финансиските друштва и друштвата – даватели на финансиски лизинг). На годишна основа, вкупните средства на другите ОФИ бележат пад од 2,7%, како резултат на намалувањето на валутите и депозитите, делумно нетирано со зголемените вложувања во должнички хартии од вредност.




Извор: НБРМ

[5]Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на Република Македонија, тековно се опфатени 13 отворени и 10 приватни инвестициски фондови, при што до НБРМ известуваат сите 23 фондови.

***

**Ревизии на податоци**

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот април – јуни 2016 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известајните единици. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

**Придружни информации**

Временски серии податоци**:** Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiski-institucii---kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiski-institucii---kvartalni-podatoci.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 28 февруари 2017 (референтен пресек заклучно со четвртиот квартал на 2016).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).